

*М-р Дехран Хајдар*

# ЗОШТО МИСИЈАТА НА **МЕСИХ ИСА ВО КУРАНОТ** Е ПРЕТСТАВЕНА ЕКСКЛУЗИВНО?



Од многубројните значајни настани што се случиле во историјата на овој наш свет, некои биле посебно важни и имале судбоносно влијание врз понатамошниот развој на човештвото. Според некои автори, настанот кој оставил *„најголема трага во историјата на човечкиот род, а кој по својата важност ги надминува сите останати, е доаѓањето на Месих Иса на овој наш свет. Неговото раѓање, живот и мисија, смрт, воскресение, вознесение на небо и неговото повторно враќање на нашата земја се најсудбоносни фази од овој настан.“*[1]

Овој круцијално важен настан што се случил во историјата на нашата планета не ги заобиколил ниту страниците на исламската света книга – Куранот. Во Куранот, кој важи за „примарен, најважен и незаобиколен извор на целокупното исламско учење,[2] темата за Месих Иса е значајно присутна. Од вкупно 6236 ајети или стихови, распоредени во 114 сури или глави, целокупниот опис на Иса го наоѓаме во 93 ајети распоредени во 15 сури.[3] Во прилог на оваа интензивна присутност на Иса во Куранот зборува и еминентниот исламски професор и доктор по теолошки науки, Енес Кариќ, кога кажува дека *„само името Иса во спомenatите текстови се употребува најмалку 25 пати.“*[4]

Осврнувајќи се на темата за присутноста на Иса во Куранот, авторот Јоаким Гнилка кажува дека *„покрај Ибраим и Муса, Иса е најцитираната библиска личност во Куранот“*.[5] Надоврзувајќи се на ова тврдење, авторот Никола Мате Рошчиќ кажува дека *„еден таков извештај за Иса, надвор од Светото писмо, е зачудувачки и убедливо неспоредлив со другите нехристијански религии.*[6]

Читајќи ги извештаите за Месих Иса во Куранот, ќе забележиме дека тие ги опфаќаат сите периоди од неговиот живот. Текстовите од Куранот, кои ни даваат опис за неговиот идентитет и мисија, генерално можеме да ги поделиме во 4 дела:

1 Il`jas Jahja, ***Na pravom putu,*** (Novi sad; Intergraf, 2006), 120.
2 Murad W. Hofmann, ***Kratak voidč kroz Kuran,*** (Sarajevo: El Kalem, 2010), 11.
3 Mirza Mešić, ***Isa poslanik Islama***, (Zagreb: Grafomark, 2014), 45.
4 Enes Karić, ***Isa al-Mesih u delima muslamanske pobožnosti sufijske nade***, (Sarajevo: Svetla reč, 2012), 64.
5 Joakim Gnilka, ***Biblija i Kuran*** (Zagreb: Kršćanska sadašnjost, 2007), 72.
6 Nikola Mate Roščić, ***Isus Krist u Islamu,*** (Zagreb: Denona, 2012), 17.

- Текстови поврзани со неговото раѓање – 28 текста
- Текстови поврзани со неговата служба – 60 текста
- Текстови поврзани со неговата смрт и вознесение – 4 текста
- Текстови поврзани со неговото второ доаѓање – 1 текст.

Како што можеме да забележиме од горенаведената класификација, најголем број од презентираните текстови се поврзани со неговата служба, односно мисија на земјата. Некаде околу 2/3 од сите текстови во Куранот што ни го опишуваат неговиот лик и дело се однесуваат на неговата Мисија на земјата. Освен што имаме најголем број на текстови поврзани со неговата мисија на земјата, ќе го забележиме и тоа дека во тие текстови делото на Месих Иса ни е претставено ексклузивно! Намерата на ова студија е да ни одговори на прашањето: *Зошто, како и според што Мисијата на Месих Иса во Куранот е претставена ексклузивно?* Во потрага по ова основно прашање, во нашата анализа ќе се послужиме преку следниве три целини:

- Анализа на Сурите кои ни даваат опис на Неговата мисија.
- Интерпретација на специфичните аспекти од Мисијата на Месих Иса и
- Презентација на куранскиот извештај поврзан со Неговиот идентитет

## Описот на мисијата на месих иса во куранот

Мисијата на Месих Иса во Куранот е опишана во 60 ајети (стихови), кои се различно распоредени во 12 сури или глави. Сура 2, наречена Ал Бекаре, содржи 3 такви стихови[7], Сура 3 (Али Имран) 9 стихови[8], Сура 4 (Ал Ниса) 3 стиха[9], Сура 5 (Ал Маиде) 18 стихови[10], Сура 6 ( Ал ан`ам) 1 стих[11], Сура 9 (Ат тавба) 3 стиха[12], Сура 19 (Мејрема) 7 стихови[13], Сура 33 (Ал ахзаб) 1 стих[14],

7 Сура 2, 86.136.253. Овој како и останатите цитати се земени од преводот на Besim Korkut, (Prevod Kurana, Sarajevo: El Kalem, 2001).

8 Сура 3, 48-54.56.58

9 Сура 4, 136.171.172

10 Сура 5, 17.46.47.72-75.78.79.109-117

11 Сура 6, 85

12 Сура 9,30-32

13 Сура 19, 35-39.88.92

14 Сура 33, 7

Сура 42 (Аз шура) 1 стих[15], Сура 43 (Аз Зукруф) 6 стихови[16], Сура 57 (Ал Хадид) 2 стиха[17] и Сура 61 (Ас саф) содржи 2 стиха[18].

## Месих Иса во Сура бр. 2

- Месих Иса во Куранот по прв пат се споменува во втората сура. Ако првата сура во Куранот (Ел Фатиха), се смета за највеличенствена и „мајка на сите сури“, бидејќи ја одразува суштината и клучот за разбирање на Куранот, и ако во неа се сочувани сите курански ризници, и ако таа е единствено резервирана само за обожавање на Аллах[19], многу е интересен податокот дека веќе во втората сура се споменуваат неколку Алахови пратеници, при што посебен акцент се става на пратеникот Иса – 2,87. Иса тука е сместен во категоријата на Божји пратеници и под ова име во Куранот тој се споменува десет пати.[20] Сите останати пратеници во оваа сура, освен Муса (Мојсеј), се споменуваат само по име и вредни се само по објавата што ја добиле од Алах. За разлика од сите нив, освен објава, Муса добива и книга. Додека Иса, освен што има објава и добива книга, за него во оваа сура се одвојува значаен простор за да се објасни неговиот статус. За разлика од сите останати, тој добива посебни докази и специфична поддршка од ангелот Џибрил. Исламскиот егзегет Ел Бути, под изразот „посебни докази“, ги подразбира натприродните дела што го следеле Иса кога ја извршувал својата Мисија.

И покрај тоа што се нагласува мислата дека не постои разлика меѓу пратениците по прашање на нивната вредност и важност, Куранот сепак прави одредена градација бидејќи кажува: „***некои** пратеници ги одликувавме повеќе од останатите, со **некои** Алах лично зборувал а **некои** пратеници сме ги воздигнале за неколку нивоа*“.[21] По овој троен навод на зборот <u>некои</u>, што само по себе подразбира ексклузивност, првиот збор и единствен пратеник кој се споменува по тој навод е Иса, што значи дека тој е некој кој има одредена ексклузивност по прашање на своето пратеништво. Дополнителен аргумент за тоа е нагласената изјава за Иса, која во овој текст се споменува двапати – *„јасни докази му дадовме и со ангелот Џибрил го поддржавме“*. Исламскиот егзегет, Ел Алруси, смета дека зборовите „Џибрил го

15 Сура 42,13
16 Сура 43, 57-60.62.63
17 Сура 57,26.27
18 Сура 61, 6.14
19 http://fondacija-alast.com/sura-fatiha-kao
20 Almir Pramenković, **Isa u Kuranu i Bibliji**, (Novi Pazar: El-Kalimeh, 2010), 149.
21 Сура 2,253.

поддржавме“ се однесува на ситуацијата каде што Иса го враќал животот на мртвите.[22]

## Месих Иса во Сура бр. 3

- Во оваа сура имаме 9 текста во кои се дава опис на Неговата мисија. Најнапред, во оваа сура се нагласува мислата дека Иса ќе биде поучен на мудроста на Тевратот (Стариот завет), Книгата на пророкот Муса што била објавена пред него, а Инџилот (евангелијата) е книга што тој ќе ја донесе. Според коментарот на Ебу Зехре Мухамед, Тевратот, објавен на Муса, го регулирал „овоземскиот живот и во него се објаснети прописите и правилата за живот меѓу луѓето, додека Инџилот содржи во себе нешто поспецифично. Во него имаме совети за оживување на духот, модификација на перцепцијата и еволуирана свест.[23] Во оваа сура имаме податок дека Иса своето пратеништво го добил на 30 години, а потоа живеел и служел уште три години, три месеци и три дена. Исламскиот автор Ес-Сабуни наведува податок дека Иса го познавал напамет и Тевратот и Инџилот.[24]

Втора битна подробност во оваа сура, која го прави пратеништвото на Иса ексклузивно, се неговите натприродни дела, односно чуда, исцелителски способности и познавањето на одредени тајни од животот на синовите Израелови. Сите тие во овој контекст сеословени како докази од Алах. Два пати се споменуваат, на почетокот и на крајот. За нив понатаму ќе посветиме посебен простор за да ги објасниме. Во оваа сура посебно се нагласува податокот дека Иса го дефинирал Вистинскиот пат којшто синовите Израелови требале да го следат.

## Месих Иса во Сура бр. 4

Во оваа сура од Куранот посебно се апострофира Исусовиот статус пред Алах. За таа цел, во оваа сура се посветени три текста - 136.171 и 172. Иса овде се набројува во категоријата на пратеници кои добиле објава од страна на Алах. Тоа што го прави Иса ексклузивен, за разлика од сите останати пратеници во Куранот, лежи во тоа што тој тука е претставен со повеќе одредници. Освен што е претставен како Син Мерјемин, Алахов слуга и Алахов пратеник, Иса тука е опишан и со следниве ексклузивни особини: Реч Алахова, Дух Алахов, како и ексклузивната одредница Месих (Месија).

22 Ел-Алруси,72.
23 Ebu Zehre Muhammed, **Muhadarat fi-n-nasranijje** (Damask: Darul-fikril-arebi, 1997), 13.
24 Es-Sabuni, **Safventut-tefasir**, (Bejrut: Darul-džul, 2000), 1/181.

Овие одредници не ги наоѓаме во описот на ниту еден друг Алахов пратеник.

## Месих Иса во Сура бр. 5

Во оваа сура наоѓаме најмногу текстови посветени за Мисијата на Месих Иса. Ги има вкупно 18. Главната идеја што се провлекува во овие текстови е статусот на Иса како пратеник. Од една стана, тука се истакнува неприкосновеноста на Алах како Бог, а од друга страна, посебно се потенцира статусот на Иса како пратеник. Исто така, во оваа сура Иса го повикува народот да му се поклони на Алах како нивен Господар. Освен како пратеник, Иса во оваа сура е опишан уште како: Чудотворец, Исцелител и Сведок. Ексклузивноста на Месих Иса во оваа сура ја гледаме во извештајот на едно ексклузивно чудо што Иса го прави, а тоа е спуштањето на трпеза од небото.

## Месих Иса во Сура бр. 6

Во оваа сура имаме само еден текст посветен на Месих Иса. Тука тој се споменува во контекст на останатите пратеници, чијашто заедничка особина на сите нив е дека се добри. Толкувајќи го називот добар, исламскиот автор Абдулах Ел-Кенаи, кажува дека: *„Месих Иса бил еден од најпобожните луѓе што некогаш живееле на земјата.“*[25]

## Месих Иса во Сура бр. 9

Во текстовите 30-32 во деветата сура, Куранот повторно се навраќа на темата Алах и останатите личности во контекст на еврејското и христијанското поимање на Бога. Куранот кажува дека постои поврзаност меѓу Евреите и Христијаните, бидејќи и едните и другите некого го сметаат за Алахов син. За Евреите тоа е Узеир, а за христијаните тоа е Иса. И покрај тоа што Алах е неприкосновен, куранскиот текст оди чекор понатаму и признава дека за Христијаните Месих Иса, синот на Мејрема, е личност која има натприродни особини, бидејќи верниците што го следат му се молат, му се клањаат и го обожаваат како божествена личност.

25 Abdullah Al-Qenaei, **Jesus the Messiah: What Does Islam say about Him** (Kuwait: Safat,2011),10.

## Месих Иса во Сура бр. 19

Во оваа сура во текстовите 35-39.88 и 92, давајќи ни опис на мисијата на Месих Иса, Куранот остро им се спротивставува на сите оние кои сметаат дека Иса е физички син на Алах. Куранот јасно и недвосмислено потенцира дека Месих Иса не е физички син на Алах и дека Алах нема физички синови, што во суштина е и учење и на претходните Алахови објави, Тевратот, Зебурот и Инџилот. Според Куранот, верниците коишто застапуваат такво учење, очигледно се наоѓаат во опасна заблуда бидејќи го омаловажуваат и карактерот на Алах и идентитетот на Месих Иса. Во овој контекст, Куранот со право кажува дека сите тие што застапуваат еден таков став ќе одговараат на денот на страшниот суд.

## Месих Иса во Сура бр. 33

Само еден текст во оваа сура е посветен на Мисијата на Месих Иса. Во овој текст Иса се споменува во контекст на останатите пратеници. Во дадениот попис на пратеници се забележуваат најмалку две битни обележја:

1. Заветот како општа и заедничка особина на сите пратеници и
2. ексклузивната особина на Месих Иса дека е син Мерјемин. Во Куранот оваа одредница на Иса е најзастапена, се споменува дури 23 пати! Освен што ни дава увид во човечката природа на Иса, оваа одредница ни дава увид и во неговото натприродно потекло. Во исламскиот свет, вообичаена пракса е имињата на децата да бидат поврзани со нивните татковци. Иса е ексклузивен пример во Куранот, каде што неговото име се поврзува со неговата мајка, затоа што тој немал биолошки татко. Тој на овој свет дошол на натприроден начин. За ова пишува и угледниот босански електронски магазин **Санџак прес**, кога кажува: *„за прв и последен пат во историјата, некој пратеник во Куранот не еословен според името на својот татко!“*[26]

## Месих Иса во Сура бр. 42

Во оваа сура Иса се споменува во контекст на останатите пророци кои добиле прописи како да ја исповедаат својата вера.

26 https//sandžakpress.net/ko-je-isus-u-islam

## Месих Иса во Сура бр. 43

Во оваа сура наоѓаме 6 ајета (стихови) посветени за мисијата на Месих Иса. Читајќи ги и анализирајќи ги овие текстови ќе забележиме дека во нив се истакнати следниве пет многу важни особини што Иса ги поседува:

1. Иса е спомнат како *примерен пратеник,* имајќи ја предвид неговата морална чистота, што подразбира живот без направен грев, и тоа го прави Иса ексклузивен.
2. Повик да не се сомневаат во пратеништвото на Иса, бидејќи тој е *Вистинскиот пат*;
3. Со своето пратеништво Иса донел *мудрост*.
4. *„Иса е предзнак на крајот на светот"* – 61 ајет. Голем број исламски теолози сметаат дека во овој ајет во Куранот се опишува мисијата на Иса при неговото Второ доаѓање на овој свет. Куранот јасно учи дека неговото Второ доаѓање е тесно поврзано со завршните настани што ќе се случат на овој свет. Инџилот, како претходна Алахова објава, ни дава многу детален опис на мисијата на Иса при неговото Второ доаѓање. Со право Куранот нѐ повикува да ги читаме и претходните Алахови објави: *„Ако се сомневаш во она што ти објавуваме, прашај ги оние што ја читаат Книгата, објавена пред вас. Вистината ти доаѓа од Господарот твој и никако не биди меѓу оние кои се сомневаат".*[27]
5. Тој е *компетентен да го објаснува она во што луѓето не го разбирале*.

## Месих Иса во Сура бр. 57

Иса тука се спомнува преку пописот на останатите пратеници. Пописот почнува со Ное и кулминира со Иса, кој го донесува Инџилот. Вредноста на овој опис на Месих Иса се состои во тоа што се нагласува фактот дека тој го донесува Инџилот (евангелието), што во превод значи радосна вест. Според Алаховиот план, книгата Инџил донесена од страна на Иса, содржи во себе една необична радост – тука многу јасно ни е претставен Алаховиот план за спасение на човечкиот род. Во Инџилот наоѓаме комплетен извештај за животот и мисијата на Месих Иса. Со право Куранот на повеќе

27 Сура 10,94.

места ни апелира внимателно и со почит да го читаме Инџилот како вредна и многу важна Алахова објава која, ако добро ја разбереме и го прифатиме тој Алаховиот план за нашиот живот, ќе доживееме невидена радост!

### Месих Иса во Сура бр. 61

Тука Иса ние е претставен како Алахов пратеник кој го потврдува учењето на Тевратот. Она што го прави Иса во оваа сура ексклузивен е извештајот за неговата најава на следниот пратеник по име Ахмед. Во Куранот најавата на пратениците е во надлежност на Севишниот Алах. Во Куранот, Севишниот Алах ги најавува пророците. Меѓутоа, тука, во оваа 61 Сура, забележуваме одреден ексклузивитет, отстапување од оваа правило! Во ова место во Куранот читаме дека најавувањето на следниот пророк не го прави Алах ниту, пак, мелекот Џибрил, туку тоа го прави лично Месих Иса! Нему му се дава право и авторитет да го најави и претстави следниот пратеник! Оваа негова особина го прави Месих Иса ексклузивен за разлика од сите останати пратеници.

## Опис на специфичните аспекти на мисијата на Месих Иса

Кога ги читаме извештаите поврзани со мисијата на Месих Иса во Куранот, невозможно е да не се забележат специфичните аспекти на неговата служба, кои се третирани ексклузивно и кои на еден посебен начин го издвојуваат Иса од останатите пророци во Куранот. Овие негови активности генерално можеме да ги поделиме во следниве три целини:

- Натприродни дела и постапки
- Моќ да создава и способност да враќа луѓе во живот и
- Особини кои го потенцираат неговиот суверенитет

### *1. Натприродни дела и постапки на Месих Иса*

Во оваа категорија на специфични аспекти на неговата мисијата се споменуваат: познавањето на тајните од животот на синовите Израелеви, неговите исцелителски способности како и направените чуда или натприродни дела.

## а. Месих Иса ги познавал тајните од животот на синовите Израелеви

Во Сура 3,49 се наведува дека Иса имал моќ да го чувствува неверството на луѓето, а исто така познавал и тајни од животот на синовите Израелеви. Куранот многу јасно кажува дека познавањето на она што е скриено во мислите и чувствата на луѓето не е човечка особина, туку типично Алахова особина! Едно од 99 Алахови имиња е името Ел-Алим, што во превод значи „оној кој знае сè“.[28] Според учењето на Куранот, оваа особина е карактеристична само за Алах! Меѓутоа, интересен е податокот што Куранот го нагласува фактот дека Месих Иса имал слична особина! Тој ги познава тајните од животот на синовите Израелеви! *„Ќе ви кажам што јадете и што во домовите ваши чувате, тоа ќе биде доказ за вас“* – 3,49. Исто така, Куранот кажува дека Месих Иса имал способност да го чувствува неверството што синовите Израелеви го негувале во своето срце – Сура 3,48-54. На ниту едно друго место во Куранот не наоѓаме запис за некој друг пратеник кој би ја имал оваа иста карактеристика што ја поседувал Месих Иса. Овој вид квалитет, што го поседувал Иса, го надминува човечкото спознание и карактеристичен е само за некој што има божествена природа. Споменатата особина на Месих Иса има своја силна поткрепа и на страниците на Инџилот, претходната Алахова објава.[29]

## б. Месих Иса како исцелител

Исцелителските способности на Иса заземаат посебно место во неговата мисија. Исламскиот автор Ел-Рифаи истакнува дека Алах испраќал пратеници за народот и ги обдарувал со натприродни дела што одговарале на духот на нивното време. Во времето на Мојсеј преовладувала магијата, а во времето на Месих Иса преовладувала медицината.[30]

Исламското електронско списание **Санџак прес** наведува дека *„во времето на Месих Иса се сметало дека, оној што лекувал одредени болести, поседува божествена моќ*.[31] Куранот нè информира дека исцелителските

28 http//znaci.com/esmaulhusna/20

29 „А таму седеа некои од книжевниците и помислија во срцето свое: 'Што овој така хули на Бога? Кој може да опростува гревови освен Единствениот Бог?' И веднаш Исус ги разбрал со својот дух што тие помислуваат во себе и им рече: што така помислувате во срцата свои“ (Марко 2,6-8). „Но, Исус не им се поверуваше, зошто сите ги знаеше. И не требаше некој да му сведочи за човекот, затоа што самиот знаеше што беше во човекот“ (Јован 2.24-25).

30 Pramenković, 193.

31 Pramenković. 153.

способности на Иса посебно биле истакнати во исцелувањето на лепрозниот и слепиот од раѓање. Истакнатиот исламски доктор по теолошки науки и декан на Исламскиот теолошки факултет во Нови Пазар, Алмир Праменковиќ, го наведува податокот дека *„и покрај тоа што медицината во тоа време била на завидно ниво, таа не била во состојба да го излечи слепиот и лепрозниот. Меѓутоа, кога овие болни дошле кај Иса, тој со својата рака ги допрел и двајцата ги излечил.*[32]

Во претходната Алахова објава, Инџилот, исцелителските способности на Месих Иса се силно нагласени. Додека во Куранот наоѓаме резимиран извештај за неговите исцелителски способности, опишани во еден единствен стих – сура 3,49, во Инџилот наоѓаме детален опис на истите, опишани во триесет и два различни извештаи со вкупно 312 текста.[33] Додека во Куранот имаме само спомнување на исцелувањето на слепиот и лепрозниот човек, во Инџилот наоѓаме детални описи на исцелувањата не само на оваа категорија болни – слепи и губави, туку исцелувања на луѓе што биле болни од многу други различни болести. Целта на извештаите за телесните исцелувања во Инџилот била да укажат на едно поголемо и повозвишено исцелување што ќе го направи Месих Иса, нудејќи решение за духовните недостатоци кај луѓето предизвикани од гревот! Затоа Куранот, со цел да имаме комплетна слика за овој одреден предмет, нѐ советува да ги контактираме и претходните Алахови објави. Еве го најрелевантниот извештај во Инџилот за Иса, кој ја резимира целокупната негова мисија како исцелител:

*„И одеше по цела Галилеја, учејќи по зборниците нивни, и проповедајќи го Евангелието за царството и исцелувајќи <u>секоја болест</u> и <u>секоја немоќ</u> по луѓето. И отиде глас за Него по цела Сирија и му ги доведоа сите болни од различни болести и со различни маки и бесни и месечари и парализирани и сите ги исцели.“*[34]

Поткрепа за овој извештај од Инџилот наоѓаме и во тефсирите, кои важат за трет најголем авторитет во Исламот, по Куранот и Хадизите (пораките на пророкот Мухамед). Во Тефсирите ни се кажува *„дека Иса во еден ден*

32 Ibid.

33 Дехран Хајдар, ***Личност за сите времиња***, Нова Пазова: Euro Dream, 2021, 55-57.

34 Евангелие по Матеј 4, 23.24.

*излечил педесет илјади болни,*[35] и тоа без да употребува лекови, потпирајќи се на моќта и силата на Алах.

### *в. Месих Иса како чудотворец*

Во Куранот читаме дека Месих Иса е претставен и како чудотворец – Сура 5,110. Многубројните муџизи или чуда што Иса ги има направено, биле еден од валидните докази кои Иса ги приложил како потврда на своето пратеништво. Според Куранот, најголемото чудо што Тој го направил е спуштањето на софра со храна од небото – Сура 5,112. Учениците го барале ова чудо од Иса. Причината за барење на едно такво чудо од страна на учениците оди во две насоки. Врз основа на првото гледиште, учениците биле гладни и сакале да ја заситат својата глад, а според другото, тоа го барале за мисионски цели. Другите луѓе, кога ќе бидат сведоци на еден таков настан, и самите би посакале да бидат верници и би му служеле на Алах.[36] Според мислењето на некои муфесири, софрата од небото била спуштена во недела,[37] а најголемиот дел од исламските егзегети сметаат дека храната на софрата била со рајско потекло.[38]

Како и со примерот на извештаите за исцелувањата, така и по прашање на чудата што Иса ги направил, Инџилот, како претходна објава на Алах, ни дава еден комплетен извештај и на оваа активност на Иса. Во Инџилот неговата Мисија е резимирана со следниве зборови: *„Исус Назареќанецот, човек од Бога, потврден меѓу вас со сила,* ***чудеса*** *и со знаци“.*[39] Царот Ирод, непријателот на Иса, го препознал како чудотворец кога кажал: *„А кога чу Ирод што сѐ Исус направил, не можеше да се изначуди и рече: 'На Јована му ја отсеков главата, а кој е овој за кого слушам дека прави толку* ***чуда****?'“*[40] И Никодим, кнезот еврејски и влијателен член на Синедрионот – еврејското законодавно тело, истакнал дека чудата што Иса ги направил претставуваат голем знак дека Бог е со него: *„Рави, знаеме дека ти си учител од Бога дој-*

35 El-Bejdavi, **Envaru-t-tenzili ve esraru -t-te`vil** (Bejrut: Daru sadir, 2001), 1/166.

36 El Kurtubi, **El Dzamiu liankamil-l-Kuran**.( Bejrut: Daruijait-turasil-arebi, 1995), 3/336

37 El Alrusi Sihabudin es Sejjid Mahmud, **Ruhul-meani,** (Bejrut: Darihjait-turasil-arebi, 2001), 7-8/81.

38 El Kurtubi Ebu Abdullah Muhammed bin Ahmed el-Ensari, **El-Dzamiu liahkamill-Kuran,** (Bejrut: Daru ihjait-turasil-arebi. 1995), 3/372.

39 Дела на апостолите 2,22.

40 Евангелие по Лука 9,7.9

*ден: зашоа шшо никој не може шакви чуда да направи како шшо ши правиш, ако Бог не е со него.“*[41]

Во Инџилот, наоѓаме најмалку 15 извештаи (со вкупно 274 текста) за разни видови чуда што Иса ги направил![42] Исто така, во Инџилот, како претходна Алахова објава, постои сличен извештај паралелен со куранскиот извештај за „спуштање софра од небото“, а тоа е хранењето на големо мноштво со неколку леба и неколку риби. Во Инџилот се наведуваат два посебни такви извештаи – во првиот извештај Иса нахранува 5000 луѓе,[43] а во вториот храни 4000 луѓе.[44] Во сите овие чуда, Иса ни е претставен како оној што ги задоволува човековите потреби. Инџилот оди еден чекор понатаму и ни го претставува Иса како леб на животот.[45]

## 2. Моќ да создава и да враќа луѓе во живот

Во оваа категорија на специфични аспекти на Мисијата на Месих Иса се споменуваат две работи: создавање на птица и воскреснување на мртви. Заедничка карактеристика на овие две ексклузивни особини што ги поседувал Иса е способноста да дава живот.

### а. Создавањето на птица – 3,49 и 5,110

Коментирајќи го овој ексклузивен чин на создавање, исламските егзегети кажуваат дека Иса споменатата птица ја направил од кал, односно глина, вдахнувајќи животен дух во неа, при што самата птица добива живот кој ѝ овозможува таа да лета како и останатите птици.[46] Исламските теолози кажуваат дека начинот како тоа се случило, за нас луѓето претставува мистерија.[47]

Анализирајќи го овој настан, авторот Нил Робинсон истакнува три битни аргументи кои овој чин на создавање што го направил Иса го доведуваат во корелација со создавањата што ги прави Алах. *Прво*, глаголот што се користи за да се означи Иса како оној кој создава од глина, е глаголот **khalaga**.

41 Евангелие по Јован 3,2.
42 Хајдар, 58.59.
43 Евангелие по Матеј 14,13-21.
44 Евангелие по Марко 8,1-9.
45 Евангелие по Јован 6,35.
46 Ez-Zamahšeri, **El-Keššafu an hakaiki gavamidi-t-tenzili ve ujuni-l-ekavili fi vudžihi-t-t`vil** (Bejrut: XX, 1995), 1/358.
47 El-Bursevi, 2/551.

Во Куранот овој глагол е резервиран речиси исклучиво за Алаховите активности. Овој глагол во Куранот се споменува 173 пати, од кои 162 пати се однесува на Алах како Создател. Осум пати овој глагол се употребува во контекст на исмејување на паганските богови, кои немаат моќ на создавање (**khalaga**) како Алах; еднаш овој глагол се употребува за луѓето на коишто создателската моќ им е имплицитно одбиена, а преостанатите два пати од споменатите 173 се однесуваат на Иса како Создател![48]

*Второ*, при создавањето на птицата Иса употребува глина, а тоа е истата супстанција што ја користи и Алах за да го создаде човекот. *Трето*, глаголот ***nafakha,*** кој тука е употребен за да го означи Исусовиот чин на давање живот на птицата, се користи и на други места и укажуваат на Алах, кој го вдахнал својот дух за да го создаде човекот[49], а исто така и во случајот на Мејрема кога таа зачнува на натприроден начин.[50]

## *б. Месих Иса воскреснува мртви*

Иса во Куранот е претставен и како оној кој воскреснува мртви – Сура 3 и 5. Во првиот случај, во Сура број 3, Иса зборува дека ќе оживува мртви, а во вториот случај, во Сура број 5, Алах зборува како Иса оживува мртви. Во двете ситуации, делото на воскреснување е третирано како знак што Иса ќе го донесе. Исламскиот автор Мухамед Мутавели тврди дека Иса *„направи такво нешто што никој друг од неговиот народ такво нешто нема направено.“*[51] Извештаите на тефсирите кажуваат дека Иса, во текот на својата мисија на земјата оживеал четири мртовци: еден старец, едно девојче, една личност по име Сама бин Нух, како и својот пријател Азер, кој го воскреснал три дена по смртта.[52] Според исламската интерпретативна традиција, пред самиот чин на воскреснување на мртвите, Иса најнапред му упатувал

48 Neal Robinson, „*Creating Birds from Clay: A Miracle of Jesus in the Quran and in Classica Muslim Ehegesis*“, **The Muslim World 79** 1989,12.

49 Ibid.

50 Ibid.

51 Šejh Muhammed Mutevelli eš-Ša'ravi, Savršenstvo Kurana (Novi Pazar: El Kelimeh, 2000.), 16.

52 „Кога Азер станал од мртвите, целиот бил побелен во косата. Кога Исус го праша: 'Зошто целата коса ти побеле?' а тој одговори дека, кога бил повикан да излезе од гробот, помислил дека е суден ден, па од страв целиот побелел“ (El Bursevi 2/47).

молитва на Алах, а потоа со стап би удрил или на самиот мртовец или на неговиот гроб.[53]

Имајќи го предвид фактот дека Куранот ни дава само резимиран извештај за Мисијата на Месих Иса, ни се отвора можност да ги истражуваме претходните Алахови објави, особено Инџилот, со цел да добиеме комплетна слика по ова прашање. За разлика од Куранот, каде што имаме само два стиха поврзани со оваа особина на Иса, во Инџилот имаме многу детален извештај за ова уникатно дело на Месија, опишан во 81 стих. Инџилот нè информира за три такви извештаи:

- Воскреснувањето на малото дванаесетгодишно девојче – 28 стих
- Воскреснувањето на младичот од Наин – 7 стиха
- Воскреснувањето на пријателот Лазар – 46 стиха

Иса, кој дава живот, е тема што ги поврзува сите чуда на воскресение споменати и во Куранот и во Инџилот, и како таква оваа тема кореспондира со Исаовата изјава дека неговата Мисија на земјата е да донесе живот и тоа во изобилие.[54]

Воскресението на мртвите, односно давањето на живот и надеж, претставува типично Алахова особина, која силно се манифестирала и во животот на Иса. Иса ги оживувал луѓето кои буквално биле мртви! Ако животот е најголема вредност, тогаш таа вредност може да ја поседува и да ја дава само Оној Кој е најголем, односно оној Кој е сопственик и извор на животот!

## *3. Особини што го потенцираат неговиот суверенитет*

Во оваа последна категорија на специфични аспекти на Мисијата на Месих Иса спаѓаат: Најавување на следниот пророк и неговото ексклузивно право да дозволи нешто што претходно било забрането.

### *а. Најавување на следниот пророк - Сура 61,6*

- Специфичноста на оваа Исаова особина се гледа најмалку во две карактеристики. Првата карактеристика одговара на прашањето кој има право да ги најави пророците, а втората одговара на прашањето каков однос постои меѓу Оној што ги најавува пророците и познавањето на она што ни го носи иднината. Во однос на првата карактеристика, во светлината на ку-

53 El-Alrusi, 3-4/224.
54 Евангелие според Јован 10,10.

ранскиот извештај, се гледа дека Иса е единствен пејгамбер или пророк, од сите други, којшто најавува друг пророк. Во Куранот не постои запис дека некој друг пратеник најавува друг пратеник, што е сосема легитимно, затоа што обично во Куранот координацијата на испраќање на пророци ја врши Битие што е на поголемо ниво од еден пратеник. Со други зборови, таквата координација во Куранот обично ја извршува Алах, или директно и лично или индиректно преку мелекот Џибрил, како што е најавувањето на пратеништвото на Иса. Интересно е да се забележи дека во наведениот текст Алах тоа не го прави ни лично, ни индиректно преку мелекот Џибрил, туку таа улога му ја препушта на Иса! Легитимното прашање што се поставува гласи: „Зошто тој чин му е препуштен на Иса?!

Во однос на втората карактеристика, оној што треба да го најави следниот пророк треба да ја познава иднината однапред. Не може некој нешто да навестува без да ја познава иднината. Куранот јасно кажува дека тоа е Алахова особина. Меѓутоа, куранскиот текст јасно кажува дека Иса точно знаел што ќе се случува во иднина. Во Тевратот, како претходна Алахова објава, пишува дека Бог е оној што контактира со пророците и дека Тој им ги објавува своите тајни![55] Во Инџилот, пак, пишува дека сам Иса ќе испрати пророци и пратеници: *„Затоа еве јас ќе ви испратам пророци, и премудри и книжевници, и вие едни ќе ги распнете и убиете, други ќе ги мачите по зборниците ваши и ќе ги прогонувате од град во град*![56] Тевратот јасно зборува дека само Бог ја познава иднината: *„...од почетокот го јавувам крајот и од далеку она што сѐ уште не било."*[57] Во Инџилот пишува дека Иса многу пати во текот на својата мисија ги откривал настаните што ќе се случат во блиска или подалечна иднина. [58] Клучен текст, кој ги обединува овој и уште многу други текстови во Инџилот по ова прашање, е изјавата на Иса запишана во Инџилот: *„Сега ви кажувам, уште пред да се изврши, та кога ќе се изврши, да поверувате дека сум Јас."*[59]

55 Книга на пророк Амос 3,7.
56 Евангелие по Матеј 23,34.
57 Книга на пророк Исаија 46,10.
58 Евангелие по Матеј 16,2; 26,34; Матеј 24 и 25 глава; Марко 13 глава; Лука 17, 19-36.
59 Евангелие по Јован 13,19.

### *б. Иса има право да дозволи нешто што порано било забрането*

- На крајот Куранот ни го претставува Иса и како оној кој го дозволува она што е забрането - *„И да ја потврдам вистинитоста на Тевратот објавена пред мене и да ви дозволам нешто што ви беше забрането. Јас ви донесов знак од Господарот ваш. Бидите богобојазливи и послушајте ме!* - Сура 3,50.

За исправно да се разбере оваа изјава на Иса, најнапред е потребно да се разберат два клучни термини што се појавуваат во неа. Првиот термин е ***халал,*** кој означува она што е дозволено, а вториот термин е ***харам***, кој означува она што е забрането. Постојат повеќе места во Куранот каде што овие два термина се употребуваат. Основната употреба на овие два термина е врзана за исхраната. Исламскиот автор Сулејман Топољак направил детална анализа за употребата на овие два поими во Куранот и Хадизите.[60]

Откако дава историски осврт за тоа како дошло до дефинирање на овие два термина и нивниот подоцнежен развој, како и опис на клучните принципи што произлегуваат од нив, Топољак кажува:

*„Кога се појавил Исламот, заблудата и гревот биле широко распространети, кога се во прашање термините халал и харам. Затоа еден од темелните задачи на Исламот беше да воспостави збир на законски принципи и мерки. Врз основа на овие принципи подоцна е воспоставен критериум за тоа што е халал а што харам.“*[61]

Во својата подоцнежна анализа, теримините халал и харам Топољак не ги локализира само на поимите поврзани со исхраната, туку и на останатите аспекти од исламскиот живот. Многу очигледна е намерата на авторот да промовира еден стил на живот што ќе биде базиран на овие два многу битни термини во Исламот. Во овој правец, Топољак развива неколку принципи што произлегуваат од овие два израза, од кои посебно се истакнува принципот дека **само Алах има право нешто да забрани и само Алах има право нешто да дозволи.**[62]

60 Sulejman Topoljak, ***Halal I Haram u ishrani*** (Novi Pazar: El-Kalimeh, 2008), 3.

61 Ibid, 69.

62 „Исламот на луѓето, без разлика на нивната верска или световна функција, им го одзема правото сами да одлучат за тоа што е халал и харам и тоа право го остава само за Возвишениот Господар. Никој, ни рабините ни свештениците, ни имамите ни султаните немаат право засекогаш нешто да им забранат на луѓето. Ако, пак, одлучат тоа да го направат, ги преминуваат своите граници узурпирајќи ја суверености којашто му припаѓа само на Алах“ (Ibid.).

Кога ексклузивната изјава на Иса, дека *„Тој може да дозволи она што е забранетто...“*, се проучува во контекст на оваа детална анализа на двата мошне важни термини во Исламот, *халал и харам,* тогаш со право можеме да кажеме дека Иса зазема едно многу важно и ексклузивно место во Исламот.

## Идентитетот на Месих Иса во Куранот

Читајќи го извештајот за ликот и делото на Месих Иса, опишан во 93 ајети распоредени во 114 сури од Куранот, ќе забележиме дека исламската Света книга, покрај другото, ни дава опис и на самиот идентитет на Месих Иса. За разлика од идентитетот на сите други ликови во Куранот, кои ни се едноставно претставени, случајот со Месих Иса е сосема различен. И покрај тоа што во Куранот имаме само резимиран извештај за неговиот лик и дело, додека комплетниот извештај го наоѓаме во претходната Алахова објава – Инџилот, сепак доаѓаме до констатација дека и во Куранот неговиот идентитет ни е комплексно претставен. Почнувајќи уште од уникатноста на неговото раѓање, па преку специфичните аспекти на неговата мисија, потоа преку имињата и одредниците што се употребувани за него, како и фактот дека тој денес е жив на небото и дека не лежи во гроб, како што тоа е случај со остатокот на човечкиот род, можеме со право да констатираме дека се работи за една важна, многу сложена и комплексна личност. Со цел да ни ги долови идентитетот на Месих Иса, во Куранот наоѓаме повеќе текстови кои генерално можат да се групираат во седум категории. Секоја од овие категории потенцира одреден аспект од неговата личност. Гледано во целина, тие ни укажуват на одредена прогресија во разбирањето на неговата личност.

**Првата категорија** на текстови ја истакнуваат неговата *човечка природа*. Иса на земјата дошол како човек. И покрај тоа што неговото раѓање било специфично, Иса на земјата се родил како човечко суштество. Живеел како сите останати луѓе на земјата и ги поседувал сите особини што се карактеристични за едно човечко суштество. Како човечко суштество бил покорен на Алах и на неговата волја, но и послушен син на своите родители. Сите текстови во Куранот, каде што ни е опишан подредениот статус на Иса во однос на Алах, ја имаат предвид Исаовата човечка природа.

**Втората категорија** на текстови ставаат акцент на Неговата *пророчка служба*. Според овие текстови, Иса не бил само човек туку нешто повеќе. Куранот многу јасно кажува дека тој бил и пророк односно пратеник: *„Месих Иса, синот на Мејрема бил пратеник ...“*.[63] Тој имал и пророчка мисија на земјата. Според Исламот, Божјите пејгамбери или пророци се „избрани луѓе на коишто Алах им дал свои објави за да ги пренесат и објават на луѓето.“[64] Алах одредил Иса да дојде меѓу еврејскиот народ, кој во тоа време бил одбран народ, за да ги поучи и одврати од искривувањето на Божјиот закон и да ги увери во еден друг подобар и поквалитетен живот од овој. Кога ги учел луѓето, Иса јасно им ги промовирал условите за влегување во тој подобар и поквалитетен свет. Во дијалогот и дебатите со синовите Израелови се служел со материјални докази **во вид на исцелувања, правење на чуда како и воскреснување на мртви луѓе**![65]

**Третата категорија** на текстови одат еден чекор понатаму и ни кажуваат дека Исус имал *привилегиран статус меѓу пратениците*. Привилегираниот статус на Иса како пратеник се гледа во следните неколку нешта:

**а.** За разлика од сите други пророци кои својата пророчка мисија ја добиле во одреден момент во животот, пратеничкиот статус на Иса е одреден уште од неговото раѓање! Во својот говор што Иса го имал како бебе во лулка, се потенцира мислата дека него Алах го подготвил уште од раѓањето да ја има таа служба.

**б.** Во Куранот се наведени имиња на дваесет и осум Алахови пратеници, меѓу кои шест се најпознати: Адем, Нух, Ибраим, Муса, Иса и Мухамед. Во оваа листа Иса зазема посебно место бидејќи припаѓа во тесниот круг од шест одбрани пророци.

**в.** Иса спаѓа во категоријата одбран меѓу одбраните, бидејќи од шесте гореспоменати привилегирани пророци само пророкот Муса и Тој со себе донеле и Kitabi, Алахови објави во форма на книги. Муса го донел Тевратот, а Иса Инџилот.

63 Сура 4,171.
64 Naim Hadžiabdić, ***Ilmihal***, Sarajevo: El Kalem, 2015, 17.
65 Mustafa Šahin, **Krščanstvo: studija, analiza i rasprava**, (Zenica: Bemust, 1997), 46.

**Четврта категорија** на текстови одат уште еден чекор понатаму нагласувајќи го *специфичниот однос* што Иса го имал со Алах. Статусот на Иса пред Алах се разликувал од статусот на останатите пејгамбери, односно пророци. И покрај тоа што се нагласува мислата дека не постои разлика меѓу пратениците по прашање на нивната вредност и важност, сепак Куранот прави одредена градација кога кажува: *„некои пратеници сме ги одликувале повеќе од останатите, со некои Алах лично зборувал, а некои сме ги подигнале за неколку степени повеќе од останатите."*[66] По овој троен навод на зборот „некои", што само по себе подразбира ексклузивност, првиот збор, и единствен пратеник кој се споменува е Иса, што значи дека го нагласува неговиот специфичен однос што го имал со Алах.

Уште при самата објава на раѓањето на Иса се потенцира овој специфичен однос што ќе постои меѓу Иса и Алах. Куранскиот текст кажува за Иса дека ќе биде: *„виден и на овој и на другиот свет и тој ќе биде еден од блиските на Алах."*[67] Зошто за некој друг пратеник во Куранот не е кажано такво нешто? Затоа што никој друг не бил во таков посебен и специфичен однос со Алах како што бил Иса! Алах, со посредство на својот Дух, уште при самото раѓање постапил на еден посебен и специфичен начина со Иса. Потоа, за време на неговата мисија на земјата, Алах делувал на уникатен начин. Не само што му подарил уникатни дарови, туку и го придружувал со извонредна сила и моќ. Конечно, на крајот на неговата мисија, за разлика од сите други пророци, Алах го зема Иса и го вознесува на небото. Иса е денес жив и тој е горе заедно со Алах. Сите овие факти го нагласуваат специфичниот однос што Иса го имал со Алах.

**Петта категорија** на текстови го нагласуваат *натприродното* во личноста на Иса. Овие натприродни особини што ги поседувал Иса, или особини што ги нема обичниот човек, се воочливи во трите најзначајни периоди од животот на самиот човек: раѓањето, животот и смртта. *Најнапред*, за разлика од сите други луѓе кои на природен начин се родиле и дошле на овој свет, раѓањето и доаѓањето на Иса во овој свет е натприроден!

Сите други луѓе на овој свет имаат биолошки татко, меѓутоа, во Куранот читаме дека Иса немал биолошки татко! Неговото зачнување во утробата на Мејрема не било природно, туку било натприродно! Во Куранот едно од најчесто употребените одредници за Иса е одредницата Син Мејремин,

66 Сура 2,253.
67 Сура 3,45.

која, меѓу другото, има за цел да го нагласи натприродното доаѓање на Иса во овој свет. Имињата во Исламот обично се врзани за таткото, меѓутоа случајот со Иса е многу поразличен. Неговото име е врзано со неговата мајка. Во овој правец, угледното босанско електронско списание **Санџак прес** ќе каже: *„За прв и последен пат во историјата, некој пратеник во Куранот не еословен според името на својот татко.“*[68]

*Второ*, животот од триесет и три години што го живеел Иса на земјата го одразува фактот дека Иса бил нешто многу повеќе од човек! Главна карактеристика на секое човечко суштество е грешноста. Секој човек што се родил на овој свет згрешил и греши, меѓутоа за Иса се кажува дека немал таква карактерна мана! Самиот пророк Мухамед , со цел да ја истакне грешноста на секој човек, ќе каже а имамот Бухарија тоа ќе го забележи во Хадизите:

*„Секое бебе, кога се раѓа на овој свет, допрено е од страна на шејтанот со своите два прста, освен Иса, него шејтанот не го допрел!“*[69]

Ова изјава на пророкот Мухамед нè доведува до три многу важни констатации:

**а.** Исус бил ***недопирлив*** за шејтанот. Покрај сите свои навалувања и безброј различни обиди да го наведе на грев, шејтанот никогаш не успеал да го порази Иса. Тој не успеал во ниту еден момент да ја наметне својата агенда и своето влијание во животот на Иса. Иса бил длабоко посветен на својата мисија, од далеку ги препознал сите обиди на шејтанот да го наведе на грев. Иса не дозволил шејтанот да го допре! Во таа борба тој бил победник!

**б.** Втората констатација произлегува од првата. Ако Иса за шејтанот бил недопирлив и ако Иса уште од своето раѓање не дозволил шејтанските планови да бидат спроведени преку него, тоа значи дека Иса бил радикално поразличен од сите нас. Зошто? Затоа што секој од нас, во некој момент од својот живот, а за волја на вистината често пати и во нашиот живот, сме биле допрени од стана на шејтанот, и како резултат на таа наша слабост, често пати сме потклекнувале и паѓале под негово влијание. За разлика од сите нас, Иса никогаш немал таков проблем. Иса никогаш не паднал на овој тест! Иса никогаш не покажал знаци на слабост. Затоа по ова прашање, сите ние како луѓе сме на една страна, додека Иса сам стои на друга страна. Легитимната

68 https//sandzakpress.net/ko-je-Isa-u-Islamu.

69 https://www.sahih-bukhari.com/Pages/Bukhari_4_55.php

констатација што произлегува од ова е дека Иса не само што е недопирлив за шејтанот туку истовремено е и ***несӣоредлив*** со кој било претставник на човечкиот род!

**в.** За разлика од сите други човечки суштества, Иса никогаш не направил грев! Според тоа, Иса е **безгрешен**! Сите луѓе се грешни, сите сториле грев, тоа е многу јасно учење и на Куранот и на претходните Алахови објави.

Оваа мошне значајна изјава на пророкот Мухамед е силно поддржана и од Куранот, како прв авторитет во Исламот. Во намера да го потенцира овој квалитет на личноста на Иса, Куранот наведува најмалку три аргументи:

**ПРВИОТ АРГУМЕНТ** е поврзан со употреба на зборот **чист**. Кога Куранот зборува за овој квалитет на Исусовата личност, за да го опише неговиот живот без грев, тој го употребува зборот чист. Исламската интерпретативна традиција е многу јасна во своето толкување дека овој збор се однесува на Исусовиот безгрешен живот! Исус е чист затоа што не направил ниту еден грев!

**ВТОРИОТ АРГУМЕНТ** ни зборува за тоа дека во сите 6.260 ајети или стихови распоредени во 114 сури или глави од кои е составен Куранот, уште попрецизно кажано, во сите 93 стихови распоредени во 15 глави каде што директно или индиректно се третира ликот и делото на Иса во Куранот, ниту на едно место не наоѓаме извештај за грешноста на Иса! Немате ниту еден единствен стих во посочените 93 стиха дека Иса сторил некој грев!

**ТРЕТИОТ АРГУМЕНТ** произлегува од вториот. Не само што немаме запис за грешност на Иса во Куранот туку во сите тие 93 стихови, наменети за Иса во Куранот, не наоѓаме ниту еден запис за тоа дека Иса се моли на Алах да му ги прости гревовите! Од друга страна, наоѓаме извештај за најпознатите пратеници или пејгамбери, односно пророци во Куранот, кои или јавно го признале својот грев и својата грешност, или јавно барале од Алах простување за своите гревови.

За **Адем и Хава** во Куранот пишува: *„Господару наш, сами сме виновни и ако ти не ни простиш и не ни се смилуваш, сигурно ќе бидеме изгубени!“* [70]

За **Нух** е кажано: *„Господару мој, се засолнив во тебе, така што никогаш повеќе нема да те прашам за она што не го знам! Ако не ми простиш и не ми бидеш милостив, ќе бидам изгубен.“* [71]

За **Ибраим** стои напишано: *„Господару наш, прости ми и на мене и на моите родители, и на сите верници – на Денот кога ќе полагаме сметка пред Тебе!“*[72]

За **Муса** го наоѓаме следниот запис: *„...И Муса го удри со тупаница и го уби. 'Ова е работа на шејтанот' – извикаа тие – 'Тој е навистина отворен непријател, кој сѐ доведува во заблуда!' 'Господару мој', рече тој тогаш, 'јас сам на себе зло направив, те молам прости ми!' И тој му прости. Тој навистина простува и Тој е милостив.“* [73]

За **Давуд** го добиваме овој извештај од Куранот: *„...Давуд беше убеден дека ние токму него на искушение го ставивме, па тој го замоли својот Господар за опростување, падна на лицето и се покаја.“*[74]

За **Мухамед**, Куранот на неколку места јасно кажува: *„Затоа ти биди стрплив – Алаховото ветување е вистинито – и моли се за твоите гревови да ти бидат простени“*.[75] *„И рече, Господару мој, прости ми и смилувај се на мене, ти си Најмилостивиот“* .[76] *„Ние ќе ти дадеме сигурна победа за Алах да ти ги прости и претходните и следните гревови и благодатта Своја на тебе во потполност да ја исполни, за да те упати на Вистинскиот пат“*.[77]

Трето, кога е во прашање смртта, Куранот јасно учи дека Иса не се наоѓа во гробот како и сите останати, туку денес тој е жив и се наоѓа на небото заедно со Алах! И не само тоа, туку Исламот учи дека Месих Иса ќе се врати на оваа земја да ја комплетира својата Мисија, што впрочем претставува и едно од суштинските учења на Тевратот и Инџилот како Алахови објави.

---

70 Сура 7,23.
71 Сура 11,47.
72 Сура 14,41.
73 Сура 28,15.16.
74 Сура 38,24.
75 Сура 40,55.
76 Сура 23,118.
77 Сура 48,2.

**Шестата категорија** на текстови во Куранот одат еден чекор понатаму и ни го претставуваат *Иса како Месих*. Месих е името што Иса лично го добил од Алах: *„О Мејрема, Алах ти јавува радосна вест, Тој е Неговово слово, името ќе му биде Месих."*[78]

Ова име, со кое е означена неговата ексклузивна мисија на земјата, во Куранот се споменува 16 пати. Со честата употреба на ова име во Куранот, Алах сакал таа негова ексклузивна мисија посебно да ја нагласи. Дури 16 пати! Ниту еден друг пејгамбер во Куранот не е наречен Месих! Голем број од селефите, а подоцна и муфесирите, веруваат дека зборот Месих е арапизиран и дека потекнува од еврејскиот збор „Машијах", што значи Помазаник. Овој нивен став наоѓа потврда и во модерниот арапски речник.[79]

Историската заднина на овој збор ни дава клучно објаснување за идентитетот на Месих. Таа ни кажува дека овој термин првенствено бил поврзан со еврејските императори, кои биле помазани како знак на одвојување за посебна работа.[80] Овој збор за Иса во Куранот се користи за да се опише посебното дело што Алах преку Месих Иса ќе го направи. Ова негово посебно дело е детално опишано во Инџилот, претходната Алахова објава. Инџилот ни кажува дека Месих Иса бил помазан бидејќи тој го дал својот живот за гревовите на луѓето и затоа, според извонредната изјава на еден од најплодните персиски автори, Ел Рази, само тој можел да ги избрише гревовите на луѓето. Потврда за оваа позиција може да се најде во следното значење на зборот masaha, што значи бришење, миење, чистење или отстранување.[81]

**Седмата,** последна категорија на текстови во Куранот, ни кажуваат дека христијаните го почитуваат Иса како Божествена личност: *„Евреите кажуваат Узеир е Алахов син, а христијаните кажуваат дека Месих е Алахов син ... Тие (христијаните) покрај Алах, Бога го сметаат ... и Месих, синот на Мејрема..."*[82]

И покрај тоа што ова учење за божествениот статус на Иса се коси со исламското мислење и учење за монотеистичкото сфаќање на Бога, и каде

78 Сура 3,45.

79 „Зборот Месих има свои корени во еврејскиот збор Машијах, кој значи избран или помазан, и од овој збор произлегува арапскиот збор masaha , што значи помазание" (James J.M.Cowan, ed. **The hands Wehr Dictionary of Modern Written Arabic**, New York: SLS, 1976), 907.

80 Прва книга Самоилова 10,1. Овој цитат е преземен од **Biblija ili Sveto Pismo Staroga I Novoga Zaveta**, Preveli Đuro Daničić i Vuk Stefanović Karadžičž, Beograd: Tipogravic, 1985), 261.

81 Cowan, 912.

82 Сура 9,30-32.

што Исламот остро му се спротивставува, сепак Куранот не го затајува податокот дека Месих Иса за христијаните има божествен статус! Инџилот, како претходно објавена Алахова објава, тоа ни го потврдува на повеќе места. Имајќи ги предвид пораките што произлегуваат од изложената прогресија на куранските текстови поврзани со идентитетот на Месих Иса, се доаѓа до заклучок дека станува збор за една многу сложена и по многу нешта специфична и комплексна личност којашто ни е претставена во еден многу поразличен, а во компарација со сите други пророци, многу близок однос со Алах.

На крајот на ова истражување, поврзано со презентацијата и анализата на текстови кои се однесуваат на Мисијата на Месих Иса во Куранот, доаѓаме до следниве генерални заклучоци:

1. Исламската света книга, Куранот, на своите страници одвојува значаен број текстови за да ни даде увид во службата што ќе ја извршува Месих Иса на земјата.

2. Извештајот за Месих Иса што го наоѓаме во Куранот, за разлика од Инџилот како претходна Алахова објава, можеме да го дефинираме како резимиран, селективен и многу оскуден. Во Куранот имаме само спомнување и многу кратки информации и тоа само за некои аспекти од Мисијата на Месих Иса, без притоа да ни се даде одредена хронолошка димензија за тие настани. Во Куранот, Мисијата на Месих е опишана во 12 сури (глави) со вкупно 60 ајети (стихови). Од споменатите 60 ајети, најголем дел, или попрецизно кажано, 47 ајети се посветени на куранската интерпретација на личноста на Иса, 8 текстови се посветени на неговото проповедање, а само 5 ни зборуваат за тоа како Исус дејствувал и служел. Комплетниот извештај и целокупниот увид во неговата Мисија ја наоѓаме опишана во претходната Алахова објава – Инџилот. Во Инџилот, извештајот за Мисијата на Месих Иса е проширен, детален, содржаен, систематичен и хронолошки издржлив бидејќи следи еден логичен тек кој има свој почеток, свој развој и своја кулминација. Мисијата на Месих Иса во Инџилот е опишана во пет целини кои содржат вкупно 117 настани, опишани преку 250 детални извештаи, обработени во 79 глави со вкупно 2277 текстови![83] Имајќи ја предвид споменатата компарација, Куранот со право нè повикува да ги контактираме и претходните Алахови објави, мислејќи на Тевратот и Инџилот, со цел да се добие целосен увид за одреден предмет. Конкретно, во Куранот наоѓаме десетина места каде што имаме повик да ги читаме и претходните Алахови објави.[84]

3. Описот на специфичните аспекти на Мисијата на Месих Иса во Куранот го промовираат во една посебна, комплексна и ексклузивна личност којашто пред Алах има специјален статус. Во анализата на специфичните аспекти на Исаовата личност, забележавме кај него особини што

83 Arend Remmers, **Pregled Novog Zaveta,** (Rijeka, Udruga kršćanima, 2003), 5.
84 Сура 2,4; 3,3-4;4,136;5,46.48;6,34.115;10,64.94;38.29.

се карактеристични само за Алах. Создавањето птица, давањето живот, познавањето тајни работи од животот на луѓето, најавување на пророк како и дозволување на работи што се забранети – се првенствено особини што ги поседува само Алах, а тука забележуваме дека истите особини, како ексклузивитет, ги поседува и Месих Иса.

4. Идентитетот на Месих Иса во Куранот е претставен комплексно и сложено. Во текстовите од Куранот, поврзани со неговиот идентитет, забележуваме одредена прогресија. Седумте категории на текстови ни даваат увид во неговата личност како: човек, пророк, пророк со привилегиран статус, личност со специфичен однос со Алах, личност со натприродни особини, Иса претставен како Месих, односно Помазаник кој натприродно дошол на овој свет за да изврши помирување меѓу Алах и човекот и, на крајот, во седмата категорија на текстови што се надоврзуваат на претходните шест, Иса ни е претставен како оној кој поседува особини што ексклузивно му припаѓаат на Алах!



Контакт информации:

тел. **078 400 252**
facebook: **Isa Vo Allahovite Objavi**
e-mail: **isavoallahoviteobjavi@gmail.com**